**Jub d.o.o.e.l. Скопје**
Бул. Јане Сандански бр. 79/А/3, 1000 Скопје
T: +389 2 2454 027, E: jub@jub.com.mk
jub.com.mk

# Пријавување прекршоци во JUB Групацијата

Како дел од своите заложби на полето на етиката, интегритетот и транспарентноста, Групацијата ЈУБ на сите им обезбедува лесно достапен **комуникациски канал** за пријавување: несоодветно однесување или постапка, прекршување на законодавството, неисполнување на ЈУБ-овите обврски или прекршување на ЈУБ-овите интерните процедури и прописи.
Со цел да се спречи и санкционира незаконското и/или неетичкото однесување во работењето на компаниите од Групацијата ЈУБ, ги повикуваме сите поединци (внатрешни и надворешни пријавувачи/свиркачи) **кои се сомневаат дека има било какви неправилности или незаконско однесување** во работењето на ЈУБ Групацијата или нејзините вработени да поднесат пријава.
Оваа веб-страница е наменета за сите пријавувачи/свиркачи, без разлика дали се **вработени во JUB** (постојани, привремени или случајни) или **претставуваат други засегнати страни** (добавувачи, деловни партнери, потрошувачи или кои било други поединци).

## Поднесувам пријава

1. Причина за пријавување повреда (инцидент):

- [ ] Мобинг
- [ ] Силеџиство или сексуално вознемирување
- [ ] Други форми на несоодветно однесување
- [ ] Мито и корупција
- [ ] Непочитување на правилата и конфликт на интереси
- [ ] Проневера или кражба
- [ ] Прекршоци од областа на обезбедување, здравје и безбедност при работа
- [ ] Повреда на законските или договорните права на работниците и другите засегнати страни
- [ ] Прекршувања во областа на заштитата на податоците (GDPR) и безбедноста на информациите
- [ ] Прекршувања во областа на обезбедување фер конкуренција и антимонополско
- [ ] Закана за животната средина и областа на екологијата
- [ ] Повреда на правата на потрошувачите
- [ ] Повреда на други внатрешни правила на ЈУБ Групацијата
- [ ] Други прекршоци или кривични дела

2. Во која земја се случи инцидентот?

3. Кога се случи инцидентот?

4. Кои лица мислите дека се (директно и/или индиректно) одговорни за инцидентот?

5. Опис на настанот:

6. Дали веќе сте информирале некого за настанот или сте превземале некоја друга акција?

7. Доколку имате докази (документи, фотографии), можете да ги приложите:

8. Доколку сакате, можете да ни го испратите вашиот контакт (И-мејл адреса, телефонски број):

☐ Го потврдувам поднесувањето на пријавата и се согласувам за обработка на моите лични податоци (GDPR) за целите на обработка на оваа пријава.

Пополнетата пријава испратете ја на e-mail адресата: **pravo@jub.eu**.

# Најчесто поставувани прашања (FAQ):

### П: Кога и што можам да пријавам?

Контактирајте не, **доколку се сомневате или сте свесни** за постапки или инциденти кои ги прекршуваат: внатрешните прописи на ЈУБ Групацијата, Кодексот на однесување, регулативата за спречување на мобинг, регулативата за спречување на несоодветно однесување или која било друга обврска на ЈУБ или други обврзувачки правила .

Ве молиме поднесете ја вашата пријва без одлагање, бидејќи тоа **за вас под никакви околности нема да има никакви негативни последици.**

### П: Како сум заштитен како пријавувач на неправилности (свиркач)?

ЈУБ д.о.о. собира и обработува лични податоци на пријавувачот (доколку пријавувачот ги обезбеди) и лични податоци на други учесници во наводното однесување за целите на истрагата во согласност со одредбите на важечките прописи од областа на заштитата на личните податоци (GDPR). На пријавувачот му се гарантира анонимност и заштита од одмазда. Меѓутоа, доколку сака да добие одговор во врска со обработката на неговата пријава, може да ни ги достави своите информации за контакт.

Во случај на анонимни пријави преку онлајн формуларот, системот не го знае идентитетот на пријавувачот, туку ги евидентира IP податоците кои може да ги добие само надлежниот орган, поточно само во случај на законски пропишани процедури.

Пријавувачите кои сакаат да останат анонимни не треба да ги внесуваат своите лични податоци во формуларот. Во овој случај пријавувачите се предупредуваат дека поради можниот недостаток на проверливи или дополнителни информации, можеби нема да биде можно целосно и темелно да се разгледа пријавата, ниту пак ќе биде можно да се испрати повратна информација до истите.

Веднаш ќе ги избришеме личните податоци кои не се важни за постапување по поединечниот случај. Доколку се покренат понатамошни постапки врз основа на пријавата, податоците ќе се чуваат 1 година по завршувањето на интерните или судските постапки.

**ЈУБ Групацијата им обезбедува на сите пријавувачи највисоко ниво на заштита од каква било директна или индиректна одмазда.**

### П: Може ли да поднесам анонимен извештај?

Ве охрабруваме да го откриете вашиот идентитет кога поднесувате пријава, бидејќи тоа може да ја олесни истрагата и да обезбеди соодветни повратни информации до пријавувачот. Меѓутоа, ако сакате, можете исто така да изберете да останете анонимни.

### П: Каков е процесот по поднесувањето на пријавата?

Пријавите ќе се обработуваат според процедурата за прифаќање и обработка на пријави што се применува во ЈУБ Групацијата. Лицето овластено да ги разгледува пријавите (правен советник на управата) ќе одлучи каков процес ќе се спроведе и ќе ве контактира за какви било прашања или барања за дополнително појаснување. Доколку ни ги дадете вашите информации за контакт, ќе бидете информирани за исходот од

истрагата во врска со вашата пријава. Во сложени случаи, истрагата може да потрае неколку недели.

**П: Со кого можам да контактирам за дополнителни појаснувања или информации во врска со поднесување на пријава?**

За сите дополнителни објаснувања, консултации и информации, во секое време можете да се обратите кај правниот советник на управата: **email: pravo@jub.eu oz tel.: +386 1 588 41 11 ali +386 31 321-294.**